Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 21.12.2022 година, во врска со Предлог-информацијата бр.03-4694/3 од 21.12.2022 година до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата врз основа на добиеното Барање за покренување на кривична пријава до надлежни органи од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје (наш бр.03-4694/2 од 21.12.2022 година) со кое бараат во најкраток можен рок да се поднесе кривична пријава до надлежно јавно обвинителство против правното лице оператор EON TV International Ltd, Limassol Kipar, донесе Заклучок до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да ја достави Информацијата за постоење сомневање на сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на правното лице оператор EON TV International Ltd, Limassol Kipar, со текст како што беше предложена.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководители на сите сектори во Агенцијата;
- Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4661/3**

21.12.**2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**